**ВИТЛАРОВ Тодор** **УДК: 343.982:343.1(497.7)**

# ПОЛИГРАФСКО ИСПИТУВАЊЕ

**Апстракт:** Полиграфот е инструмент конструиран на начин што истовремено ги регистрира промените во крвниот притисок, пулсот, дишењето или т.н. електродермални реакции на лицето кое се испитува. Според поранешното законско решение, пред донесувањето на Законот за кривична постапка од 2010 година беше пропишано, дека полиграфското тестирање во предистражната постапка, може да го користи Министерството за внатрешни работи (чл.143 ст.3 од ЗКП), за лице за кое постојат основи на сомневање дека сторил кривично дело (во предистражна постапка), но само по претходна негова писмена согласност. Примената на полиграфското тестирање, според постојните позитивни прописи, единствено е пропишано во Законот за полиција (пречистен текст од 2018), како полициско овластување. Целта на неговото користење е откривање на сторители на кривични дела (во предистражна постапка) и потребна е претходна согласност на лицето кое се испитува. Испитувањето на полиграф е помошно истражно средство, но не е доказно средство.

**Клучни зборови**: *полиграф, полиграфско тестирање, предистражна постапка, истражно средство*

# POLYGRAPH EXAMINATION

**Abstract:** The polygraph is an instrument constructed in a way that simultaneously registers changes in blood pressure, pulse, breathing or so-called. electrodermal reactions of the person being examined. According to the former legal solution, before the adoption of the Law on Criminal Procedure from 2010, it was stipulated that the polygraph test in the pre-investigation procedure can be used by the Ministry of Internal Affairs (Art. 143, Paragraph 3 of the Criminal Code), for a person for whom there are grounds. on suspicion that he has committed a crime (in pre-investigation procedure), but only after his prior written consent.The application of the polygraph test, according to the existing positive regulations, is only prescribed in the Law on Police (refined text of 2018), as a police authorization. The purpose of its use is the detection of perpetrators of crimes (in pre-investigation procedure) and the prior consent of the person being examined.The polygraph examination is an auxiliary investigative tool but not an evidentiary tool.

**Keywords**: *polygraph, polygraph testing, pre-investigation procedure, investigative tool.*

## ВОВЕД

Испитувањето на полиграф, предизвика интерес во судската практика, по примена на ЗКП кој беше донесен во 2010 година. Користењето на овоа помошно техничко средство во текот на предистражната постапка од страна на Министерството за внатрешни работи беше пропишано со поранешниот ЗКП. Практиката го наметна прашањето, дали испитувањето на полиграф, може да се смета како доказ во кривичната постапка?

Користењето на оваа помошно истражно техничко средство, наиде на различни правни мислења во практиката. Дилемите беа во насока: кој е надлежен орган за негова примена? Дали треба посебна наредба од јавниот обвинител за негово користење и особено, дали истото може да се смета како доказ во кривичната постапка?

Целта на овој труд е дефинирање на полиграфското испитување, дали и кој истото може да го врши во текот на кривичната постапка, во која фаза од постапката може да се користи и каква е неговата доказна вредност.

## ПОЛИГРАФСКО ТЕСТИРАЊЕ

**Lei detector (инстумент за откривање на лаги) е** популарен наслов за полиграфот. Тоа е иструмент кој се заснова на проверено искуство, дека човекот кога лаже по правило доживува определено возбудување поради стравот сто го чувствува, неговата лага да не биде откриена.

Практиката покажува дека ваквото чувство кај некој луѓе може да се забележи и со обично запазување (поцрвенуваат, се збунуваат, начинот на говор им е неповрзан). Но, некој луѓе знаат своето возбудување, кое го доживуваат кога лажат, во поголема или помала мерка да го прикријат. Но има и луѓе кога лажат да не дожуваат никаквно возбудување.

**Полиграфот е инструмент којшто е конструиран, така што истовремено да ги регистрира промените во кривниот притисок, пулсот, дишењето или т.н. електродермални реакции кај лицето кое се испитува.**

Кога лицето се испитува на полиграф му се поставуваат по определен редослед прашања и од него се бара да одговори на секое прашање, како што мисли само со „да“ или „не“.

Постојат посебни правила за составување на листата на прашањата кои му се поставуваат на испитаникот. Додека трае ова испитување на телото на лицето му се ставени инструменитите кој ги регистрираат сите промени на крвниот притисок, пулсот, дишењето.

После ова испитувачот врз основа на овие психофизиолошки промени, којшто ги регистрирал полиграфот, донесува сопствено мислење, дали испитаното лице лажело во однос на кривичното дело, за кое постојат сомневање, дека го сторил.

**Со еден збор, полиграфот би требало осомничениот да го „фати во лага“ врз основа на на возбудувањата коишто се регистрирани кај него за време на испитувањето.**

Најширока **употреба на полиграфот има во САД.**

Според ставовите на судската практика во оваа држава, (Reid i Inbau, Truth and Deception, Baltimor 1966), судовите во САД допуштаа во кривичната постапка да се изнесат резултатите од испитувањето на обвинетиот, на полиграф, како доказ. Меѓутоа постои услов, пред испитувањето за тоа да има склучен посебен писмен договор, помеѓу обвинетиот и неговиот бранител од една страна и надлежниот јавен обвинител од друга. Правната важност на овој договор е поврзан со фактот, дека во време на неговото склучување обвинетиот мора да има адвокат. Резултатите од испитувањето на полиграф можат да се изнесат како доказ во кривичната постапка, било да е тоа во корист на одбраната или обвинението.

Склучувањето на овој писмен догов според судската практика, е поврзан со фактот, дека сепак испитувањата на полиграф научно не е докажано, дека се апсолутно веродостојни.

Практиката покажала, дека испитаниците уверени во ефикасноста на полиграфот, често признавале вина пред да подлежат на испитување на полиграф или во текот на нивното испитување и ваквото нивно признание се ценело според прифатените општи правила на признанието, како доказ.

Како позитивен пример од американската судска практика, се истакнувал оној, кога осомничениот кој бил испитуван на полиграф , го открил местото каде го закопал лешот на лицето кое го убил, иако пред тоа воопшто не признавал дека го извршил убиството и на сите поставени прашања одговарал со не.

Противниците на ваквото правно стојалиште (пред сè европското), истакнуваат, дека полиграфот пред сè значи навлегување во интимната сфера на човекот, против неговата волја.

Во ова смисла тие сметаат, дека полиграфот може да биде само помошно истражно средство.

**Начелно нашето казнено-процесно законодавство отсекогаш сметаше, дека резултатите од испитувањето на полиграф не можат да се користат како доказ во кривичната постапка** .

**Но, сепак тие резултати се во доволна мерка точни да можат да послужат, како помошно истражно средство.**

Во поранешниот ЗКП, во делот за овластувањата на Министерството за внатрешни работи (чл. 143 ст. 3 од ЗКП), беше пропишана можноста за примена на полиграфско испитување на лице за кое постојат основи на сомневање, дека извршило кривично дело, но само по претходна негова писмена согласност.

Изрично беше пропишано дека на полиграфско испитување не може да подлежат лица под дејство на алкохол или опојни droги, лица со сериозни срцеви заболувања, лице кое манифестира знаци на видлива душевна болест или заостанат душевен развој, бремена жена или жена непосредно по породување, на деца под 14 год возраст. Доколку се работеше за помлади и постари малолетници (според тогашниот закон), вакво испитување на полиграф можеше да се примени ако постојат основи на соневање, дека сториле кривично дело, но по претходна писмена согласност на нивниот родител, односно старател.

Според употребена законска формулација „лице за кое постојата основи на сомневање дека сторило кривично дело”, значи дека употребата на *полиграфското испитување е дозволено само во предистражна постапка* од страна на Министерството за внатрешни работи.

**Во ЗКП кој е на правна сила** (Сл. весник бр. 150 /2010), **нема процесно правни одредби во делот каде се регулирани овластувањата на Полицијата -полициски извиди, за користење на полиграф.**

Но, **Законот за полиција** (пречистен текст од 2018 год), во делот на полициски овластувања е пропишано (чл. 28 ст. 1 т. 20), **дека помеѓу другите полициски овластувања е полиграфското тестирање.**

**Со овој закон начелно е регулирано прашањето, под кои услови и како се презема полиграфското тестирање (чл. 65-а-65-в)**

**Целта** заради која полицијата може да преземе полиграфско тестирање **е откривање на сторител на кривично дело.**

**Пред** полиграфското тестирање, полицискиот службеник е **должен да го запознае лицето кое ќе биде подложено на полиграфско тестирање и начинот на работа на полиграфот.**

Исто така, пред да се пристапи кон испитување на полиграф , **потребна е посебна писмена согласност од лицето кое ќе се испитува.**

**Доколку претходно е дадена писмена согласност, а потоа истата лицето ја повлекло, полицискиот службеник е должен да го прекине полиграфското испитување.**

Со одредбите од овој закон е пропишано кои лица не смеат да се испитуваат на полиграф. Оваа листа е проширена во однос на претходното решение во ЗКП.

**На полиграфско тестирање не смеат да се подложат лица во стресна состојба, лице кое зема лекови за смирување и лице со други особено тешки душевни пречки.**

НЕКОИ ОД НАВЕДНЕИТЕ ЗАБРАНИ ВО ОВАА РАНА ФАЗА ОД ПОСТАПКАТА ЧЕСТОПАТИ МОЖЕ ТЕШКО ДА БИДАТ ИДЕНТИФИКУВАНИ ОД СТРАНА НА ПОЛИЦИСКИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ.

Исто така, овие услови би можеле да бидат и доста дискутабилни. Кое е тоа лице кое е повикано во Полиција, а тој факт кај истото да не предизвика стрес? Или пак, лице што не користи лекови за смирување, кога е нોторен фактот за масовно користење на вакви средства.

Значи, ПОЛИГРАФСКОТО ТЕСТИРАЊЕ, МОЖЕ од страна на полицијата **ДА СЕ КОРИСТИ во суштина во предистражна постапка.**

**Испитувањето на полиграф е како помошно истражно средство, НО НЕ И ДОКАЗНО СРЕДСТВО**.

**Полицијата е овластена по сопствена оценка да преземе полиграфско тестирање.**

Не е исклучена можноста, согласно одредбите од чл. 283 од ЗКП, дека **јавниот обвинител кој има надлежности да раководи со предистражната постапка** на негово барање, полицијата да спроведе вакво полиграфско испитување.

**НО, ЗА ПРЕЗЕМАЊЕ НА ИСТОТО НЕ Е ПОТРЕБНА ПИСМЕНА НАРЕДБА ОД СТРАНА НА ЈАВНИОТ ОБВИНИТЕЛ**.

Според наше мислење, *одговорите на осомничениот на полиграфот, не се презентираа пред судот како доказ.*

Во овој дел од постапката може јавниот обвинител, на негово барање или по оценка на полицијата, да биде запознаен со дадените одговори на испитаните лица при спроведеното тестирање на полиграф.

Врз основа на неговите одговори на поставените прашања при испитувањето на полиграф и психофизичката реакција на осомничениот, се создава една „дијагноза“, за вината или невиноста на осомничениот (V.Bajer, Krivicno procesno pravo, kniga I, Zagreb , str. 82,1989).

Ниту оваа дијагноза не се презентира пред судот како доказ, затоа што не е веродостојна. Таа служи само на органите за внатрешни работи од низата на осомничени во некој случаи, да ги избере оние којшто се посомнителни од другите и да ја насочи предистражната постапка во определен насока .

**Сепак искуството покажало, дека полиграфот како помошно истражно средство, може во поодделни случаи да даде низа позитивни резултати за насоката на преземање на определени истражни дејствија или криминалистичко тактички мерки и средства.**

**Посебно треба да се нагласи дека веродостојноста од добиените резултати од полиграфското испитување, во голема мерка зависат од стручната способност на службените лица кои ракуваат со полиграфот т.е. го спроведуваат испитувањето.**

**Некој од основните прашање кој се поставуваат при испитување со полигараф се:**

**Дали тоа е во согласност со основните права на осомничениот во кривичната постапка, коишто мора да се почитуваат?**

**Дали испитувањето на полиграф, значи нсвлегување во интимната сфера на испитуваното лице, која би морала да биде ослободена од секакво влијание на државните органи?**

**Најпрво да истакнеме, дека испитувањето на осомничениот на полиграф не е испитување чија цел е да се добие исказ на осомничениот, кој потоа би се употребил како доказ во кривичната постапка.**

Во оваа смисла примената на полиграфот како помошно истражно средство, не е во спротивност со нашиот уставноправен поредок. Испитувањето на осомничениот е во согласност со одредби на ЗКП.

Полицијата во рамките на пропишаните полициски извиди (чл. 276 ст. 2 т. 1 од ЗКП) може да бара потребни исвестувања од граѓани. Во ова смисла испитувањето на осомничениот на полиграф **не е исказ на осомничен** во класична смисла, во смисла на одредбите од чл. 205 и 206 од ЗКП.

Кога осомничениот се испитува на тој инструмент, од него во суштине не се добива слободен исказ, но се регистрираат само неговите изјави кој тој ги дава доброволно и врз основа на неговите несвесни електродермални реакции, се добиваат податоци, којштo тој несакал да ги даде.

Со помош на овие одговори и психофизичката реакција на осомничените, кај службеното лице-испитувачот на полигараф се создава определено мислење во смисла на сомнение на испитаното лице, како сторител на конкретниот кривично-правен настан.

Со помош на полиграфското испитување, во текот на предистражната постапка од низа на осомничени лица во конкретен случај, се селектираат оние коишто се најсомнителни од осомничените, и во таа насока да се насочат идните дејствија и мерки во насока на обезбедување на правно релеванти докази.

**ЗНАЧИ ИСПИТУВАЊЕТО НА ПОЛИГРАФ Е ПОМОШНО ИСТРАЖНО ТЕХНИЧКО СРЕДСТВО ЗА ОРИЕНТАЦИЈА ПРИ ИСТРАЖУВАЊЕ НА КРИВИЧНИТЕ ДЕЛА ВО ПРЕДИСТРАЖНАТА ПОСТАПКА**

***Од судската практика***

*1. При повторното судење.......првостепениот суд ..да го сослуша лицето В.В. исказот на заштитениот - загрозен сведок ..., да го провери преку материјални докази, да ја утврди неговата здравствена состојба, која била причина истиот да не биде подведен под полиграфско тестирање и доколку е потребно да се изврши такво тестирање, па доколку е потребно да се изврши психолошко вештачење и врз него и врз обвинетите .....*

*Решение на Апелациониот суд во Скопје КЖ.57/10 од 12.03. 2010*

Според времето на донесувањето на оваа судска одлука важел стариот ЗКП. Според одредбите од чл. 143 ст. 3 од истиот, полиграфското тестирање може Министерството за внатрешни работи да го примени, само во предистражна постапка.

*Од овие причини, според наше мислење сметаме, дека истакнатото правно стојалиште на Апелациониот суд, за евентуално спроведување на полиграфско испитување, во фаза на судење на конкретниот предмет е погрешено.*

*2. Првостепениот суд во текот на главната расправа, по спроведено полиграфско тестирање во предистражната постапка, во својство на вешто лице го распрашал службеното лице, кое го спровело полиграфското испитување на осомничениот.*

*Бранителот на обвинетиот во поднесената жалба неведува, дека одлуката на конкретниот кривично правен спор зависи од тоа дали полиграфот претставува доказ согласно ЗКП и дали истиот може да претставува доказ врз основа на кој може да се заснова пресуда?*

*При тоа одбраната наведува дека полиграфот не може да претставува доказ ...Од содржината на пресудата произлегува дека од изјавата на вештото лице (сл. лице кое го спроведувало полиграфското тестирање), не станува збор за вештачење со оглед на тоа што полиграфското тестирање не може да се прифати, дека е вештачење...во случајот во отсуство на било каков друг правно релевантен доказ, судот не може да го прифати полиграфското тестирање и врз основа на истото да ја заснова пресудата....*

*Апелациониот суд ја уважило жалбата на обвинетиот и ја укинало првостепената пресуда ...Видно од извештајот на полиграфското тестирање бр....на МВР...е дека обвинетиот Џ.Џ. и обвинетиот (на кого е спроведено полиграфско тестирање) имаа директна врска со кривичното дело извршено во колонијалот .. на ден .. , додека пак за останатите кривични дела извршени по периодот декември-јануари.., обвинетите ги доведува во врска со предметните кривични дела... Вештото лице Г.Г. (кој го спровел полиграфското испитување) го појаснува предметниот извештај од полиграфското испитување... на стр...наведува дека „директна врска" значи дека испитаникот е сторител , а терминот „ги доведува во врска со кривичното дело" значи дека е можно испитаниците да не се директни сторители, туку може да се поттикнувачи, помагачи или прикривачи на конкретното дело*

*Имајќи го во вид дадениот извештај од полиграфското испитување , како и исказот на вештото лице ... кој ги појаснил термините „директна врска" и „ги доведува во врска" ,.., ставено со корелација со другите расположиви докази, по оценка на Апелациониот суд првостепениот суд донел нејасна и неразбирлива пресуда со оглед дека од истата не е јасно првостепениот суд врз основа на кој докази ги утврдил решителните факти..*

*Решение на Апелациониот суд Скопје Кж. 2172/14 од 23.01.2015*

Во конкретниот случај Апелациониот суд не одговорил на жалбените наводи, дали службеното лице кое го спровело полиграфското испитување, може во текот на постапката да биде предложено и сослушано како вешто лице?

Според наше мислење НЕ.

Наодот од спроведеното полиграфско испитување е помошно техничко средство кое се користи во текот на предистражната постапка и повеќе служи на надлежните органи за откривање да им помогне во која насока ќе ја насочат претходната постапка, заради обезбедување на правно релевантни докази.

Сметаме дека воопшто сужбеното лице кое го спровело полиграфското испитување, не требало да биде предложено како вешто лице, затоа што истото го нема таквото својство во смисла на чл. 236 од ЗКП.

Несомнено, дека овие службени лица имат посебно стручно знаење.

Но, тие спроведуваат испитување на лице, со негова согласност, НО НЕ СПОРЕД ОДРЕДБИТЕ ОД ЧЛ. 206 ОД ЗКП. Исто така, ваквиот наод не може да биде доказ врз основа на кој би можело да се засновала судска пресуда.

Впрочем ваквиот став произлегува и од наведената одлука на Апелациониот суд, кој на посреден начин изразува негативен став, дека резултатите од полиграфско тестирање не може да се сметат, како докази и врз истите не може да се заснова пресуда.

Користењето на овие службени лица како вешти лица во практиката, се заснова на мислењето, дека истите морале да поседуват посебна лиценца и дека истите се евидентирани на листата-регистарот на вешти лица при Министерството за правда.

*3.......Во оваа насока, судот го ценел и извештајот од полиграфското тестирање бр...на МВР ОКТ Скопје, меѓутоа за истото правилно нашол дека не би довело до донесување на друга одлука од веќе донесената, со оглед дека резултатаите од полиграфското тестирање сами по себа не може да се третираат како докази во постапката, туку само како индиција која упатува на други докази, и само на резултатите од полиграфското тестирање, а во отсуство на други докази, како што е во конкретниот случај, не може да се заснова пресуда ..*

*Пресуда на Апелациониот суд Скопје Кж. бр. 803/16*

4. Според водена постапка според поранешниот ЗКП, но од аспект на прашањето, дали полиграфското тестирање е доказ во кривичната постапка, кое прашање е идентично и релевентно и од аспект на ЗКП, кој е во примена е следниот став на судот:

*По однос на наводот истакнат во Барањето за вонредно преиспитување на правосилната судска пресуда, дека судот не го ценел приложеното полиграфско вештачење, овој суд наоѓа дека ваквиот навод е неоснован, од причина што приложениот доказ е нерелевантен и нема никакаво влијание за утврдување на фактичката состојба, бидејќи таквото испитување е во предистражна постапка од страна на МВР, кое се применува на лице за кое постои основи на сомневање дека извршило кривично дело..*

*Пресуда на Врховен суд КВП ! бр. 248/2015*

## ЗАКЛУЧОК

Полиграфот е инструмент, кој е конструиран така што истовремено да ги регистрира промените во крвниот притисок, пулсот, дишењето или т.н. електродермални реакции, кај лицето кое се испитува.

Тој би требало осомничениот да го „фати во лага“ врз основа на возбудувањата коишто се регистрирани кај него за време на испитувањето.

Начелно нашето казнено-процесно законодавство отсекогаш сметало, дека резултатите од испитувањето на полиграф не можат да се користат како доказ во кривичната постапка.

Но, добиените резултати од испитувањето на полиграф се во доволна мера точни да можат да послужат, како помошно истражно средство.

Според позитивното законодавство, испитувањето на полиграф по сопствена оценка е овластено да го врши Полицијата (Закон за полиција, пречистен текст 2018), по претходна согласност на лицето кое се испитува. Но, согласно овластувањата од чл. 283 од ЗКП (Сл. весник бр.150/2010), јавниот обвинител кој раководи со предистражната постапка може да бара Полицијата да спроведе полиграфско испитување.

Испитувањето на полиграф е помошно истражно техничко средство за ориентација при истражувањето на кривичните дела во предистражна постапка, но не претставува доказно средство.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

[1] П.Марина, Кривична постапка на СФРЈ, Култура , Скопје, 1979.
[2] V.Bauer, Jugoslovensko krivicno procesno pravo, kniga I, Narodne novine, Zagreb, 1989.
[3] V.Vodinelic, Kriminalistika, Savremena administracija, Beograd, 1972.
[4] Aleksic, Skulic, Kriminalistika,Savremena administracija, Beograd, 1997.
[5] Reip I Inbau, Truth and Deception, Baltimor, 1966.
[6] Закон за кривичната постапка, Сл. весник бр. 150/2010.
[7] Закон за полиција, пречистен текст, 2018.